Машински факултет
Број 02-800/6
28.9.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 и 635/2022), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Реферaтот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област Индустриски дизајн во Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила на Машинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 1-та редовна седница одржана 28.9.2023 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање доцент

Асистент д-р Елена Ангелеска, се избира во наставно-научно звање доцент во научната област 21424 Друго (Индустриски дизајн) во Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од пет години.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 31 мај 2023 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 21424 Друго (Индустриски дизајн).

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот се пријави д-р Елена Ангелеска, асистент на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 28 септември 2023 год., изјаснувајќи се по предлогот во Реферaтот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1289 од 15 август 2023 год., со мнозинство гласови од присутни 42 од вкупно 57 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која асистент д-р Елена Ангелеска се избира во наставно-научно звање доцент во научната област 21424 Друго (Индустриски дизајн).

Одлуката да се достави до: именуваната, општа служба - досие, сметководство, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Златко Петрески

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски